**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за спречување на корупцијата**

09-1020/5
19 -08- 2019

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 124 став 2 во согласност со став 1 алинеја 4 од истиот член од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015) постапувајќи по службена должност на седницата одржана на 05.08.2019година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Се огласува за ништовна Одлуката со број 09-1020/2 од 22.03.2019 година донесена по оформен предмет врз основа на добиена пријава од познат подносител - физичко лице.

## Образложение

Предметот со број 09-1020/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Во пријавениот случај е наведено дека во една здравствена институција во една општина е објавен јавен оглас за вработување на медицински сестри, каде конкурирал и самиот пријавувач. Од доставената ранг-листа на пријавени кандидати составена од збирот на бодови од просек на успехот и бодови од стручен испит не се избрани најдобрите кандидати, така што пријавувачот не е примен. По доставена жалба до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, истата одлучила дека жалбата од пријавувачот е неоснована со образложение дека согласно член 161 став 1 од Законот за здравствена заштита, работоводниот орган на здравствената установа има дискреционо право да изврши избор на било кој од предложените кандидати од ранг листата кои ги исполнуваат условите објавени во огласот.

На седницата одржана на 20 март 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по изјаснување на Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, нема основ за надлежно постапување по предметот со број 09-1020/1 од 05.03.2019 година.

По дополнително разгледување на предметот на колегиум на Државната комисија, а по увидот дека во повеќе предмети од областа на вработувањата, по кои веќе постапиле други надлежни органи и истите не се произнеле по однос на искористувањето на дискреционите овластувања од страна на носителите на јавните функции, за која состојба надлежна институција е ДКСК, на седницата одржана на 22.05.2019 година беше донесен заклучок да се продолжи со постапката на прибирање податоци информации и документација по предметот 09-1020/1 од 2019 година.

По добиената документација од здравствената институција, Државната комисија утврди

погрешна примена на член 161 став 1 од Законот за здравствена заштита на штета на странката, односно Комисијата надлежна за постапување по жалбата не констатирала во ниту еден момент дали е спроведеено и како е спроведено интервјуто.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 05.08.2019 година под бр.________**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**